# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.ДАБИЉЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА



**Август, 2025 година**

***СОДРЖИНА***

1.Вовед

2 Лична карта на училиштето

3. Мисија и визија

4. Подрачја на промени, приоритети и цели

5. Настава

6. Оценување

7. Воннаставни активности

8. Поддршка на ученици

9. Грижа за здравјето

10. Училишна клима и односи во училиштето

11. Професионален развој на образовниот кадар

12. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

13. Работа на стручни органи и тела

14. Извештаи од работата на директорот и стручните соработници

# Вовед

Годишниот извештај за работата на ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље ја отсликува реализацијата на целокупната воспитно-образовна работа на училиштето за учебната 2024/2025 година.

Годишниот извештај се заснова врз следниве документи:

- Законот за основно образование
- Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година
- Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година
- Статутот на училиштето
- Наставните планови и програми
- Програмата за развој на училиштето
- Извештаи

# Лична карта на училиштето

## *- Општи податоци за училиштето*

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ “Св.Кирил и Методиј” |
| **Адреса, општина, место** | с.Дабиље, општина Струмица |
| **Телефон** | 034/346-871 |
| **Факс** | 034/346-871 |
| **Е-пошта** | skolodabile@yahoo.com |
| **Основано од** | 27.11.1965 |
| **Верификација-број на актот** | 11-2551/1 |
| **Година на верификација** | 1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1948 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површина на објектот** | 750м² |
| **Површина на училишниот двор** | 5395м² |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1404м² |
| **Училиштето работи во смени** | Не |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење (нафта) |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 9 |
| **Број на смени** | 1 |

## *-Просторни услови за работа на училиштето*

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 |
| Број на подрачни училишта | нема |
| Број на спортски терени | 1 |
| Број на катови | 1 |
| Број на училници | 10 |
| Број на помошни простории | 3 |
| Училишна библиотека | 1 |

## *-Мапа на училиштето*

ООУ “Св. Кирил и Методиј” е лоцирано на почетокот на село Дабиље, кое е оддалечено 5км од градот и се наоѓа на меѓународниот пат Струмица-Ново Село. Училиштето започнало со работа во декември 1944 година (во стара училишна зграда), а новата училишна зграда била изградена во 1948 година.






## *-Структура на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор** | 7 |
| **Членови на совет на родители** | 9 |
| **Стручни активи** | 4 |
| **Одделенски совети** | 2 |
| **Членови на училишна заедница** | 8 |
| **Членови на еко одбор** | 13 |

## *-Наставен кадар*

| **НАСТАВЕН КАДАР** | Вкупно | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Други | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **Број на вработени** | 33 | 12 | 20 | | | | | 1 | | | |
| **Број на наставен кадар** | 22 | 9 | 13 | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 4 | | 4 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 4 | 2 | 1 | | | | | 1 | | | |
| **Директор** | 1 | 1 | | | | | | | | | |

## *-Старосна структура и степен на образование на вработени*

| Број на вработени | **Степен на образование** | | | | Број на вработени | **Старосна структура** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Високо | Више | Средно | Основно | | 20-30 | 31-40 | 41-50 | 51-60 | 61-пензија |
| | 25 | 1 | 6 | 1 | | 5 | 9 | 9 | 9 | 1 |

## *-Ученици*

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | 1 | *13* | 5 | 8 | | | | | | | | |
| II | 1 | *20* | 6 | 14 | | | | | | | | |
| III | 1 | *17* | 7 | 10 | | | | | | | | |
| IV | 1 | *18* | 9 | 9 | | | | | | | | |
| V | 1 | *24* | 13 | 11 | | | | | | | | |
| **I- V** | **5** | ***92*** | **40** | **52** | | | | | | | | |
| VI | 1 | *16* | 7 | 9 | | | | | | | | |
| VII | 1 | *17* | 7 | 10 | | | | | | | | |
| VIII | 1 | *18* | 12 | 6 | | | | | | | | |
| IX | 1 | *18* | 9 | 9 | | | | | | | | |
| **VI - IX** | **5** | ***69*** | **35** | **34** | | | | | | | | |
| ***I - IX*** | ***9*** | ***161*** | **75** | **86** | | | | | | | | |

## *-Наставен јазик*

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 9 | | | |
| **Број на ученици** | 161 | | | |
| **Број на наставници** | 24 | | | |

# Мисија и Визија

**Мисија на училиштето**:

**К** — КРЕАТИВНОСТ
**И** – ИНКЛУЗИВНОСТ
**Р** — РЕАЛИЗАЦИЈА
**И** — ИНОВАТИВНОСТ
**Л** – ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ
**И** – ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА
**М** – МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ
**Е** — ЕФИКАСНОСТ
**Т** – ТИМСКА РАБОТА
**О** — ОДГОВОРНОСТ
**Д** — ДИСЦИПЛИНИРАНОСТ
**И** — ИНТЕРАКЦИЈА
**Ј** – ЈАСНА ВИЗИЈА

**Визија на училиштето:** *“Нашата визија е темелно да го иновираме воспитно-образовниот процес во сите сегменти, да го трасираме патот кон збогатено учење, градејќи училиште кое ќе биде безбедна и дисциплинирана средина и која ќе го подобри квалитетот на животот и односите во општеството во целост преку негување на хармонични односи меѓу припадниците на различни културни/етнички/јазични заедници, толеранција и меѓусебна соработка”.*

# Подрачја на промени, приоритети и цели

Промените, приоритетите и целите поставени во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година произлегоа од Годишниот извештај за учебната 2023/2024 година, самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој на училиштето.

Во однос на издвоените приоритети за учебната 2024/2025 - подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа и подобрување на условите за работа во училиштето, во текот на учебната 2024/2025 година беа преземени следниве активности:

- **Зголемување на мотивацијата на учениците за учење и постигнување**

- Примена на најразлични активни форми и методи во наставата од страна на наставниот кадар
- Разговори со учениците, родителите и наставниците
- Активности за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и вработените во училиштето

- Реализација на активности и едукативни работилници наменети за превенција на врсничкото насилство.

**- Реализација на обуки од страна на наставниците и стручните соработници за подобрување на квалитетот на наставата**

- На ден 21.08.2024 год. во просториите на нашето училиште се спроведе обука на тема "Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" спроведена од Academy CES и акредитирана од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

- ГСИ Консалтинг Дооел Скопје програма на тема Инклузивно образование во пракса. На ден 22.08.2024 онлајн обука за стручните соработници.

- На ден 02.11.2024 год. во Младинскиот центар - Струмица, Здружението Ајнштајн во соработка со Општина Струмица одржа практична обука насловена како „Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија“.Од нашето училиште обуката ја следеа училишниот психолог Фросина Василева и одделенскиот раководител на петто одделение Соња Маглешева.

- На ден 16.11.2024 год. во хотел Романтик, Велес се одржа обука на тема “Психомоторен развој кај деца, говорно-јазичен развој и стимулација на прозборување, дисхармоничен развој на деца“.Од нашето училиште обуката ја следеа училишниот психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и педагог

- На ден 04.12.2024 год. во просториите на Биро за развој на образованието – о.Струмица се организира средба со фокус група од директори на училишта во о.Струмица и се дискутираше за процесот за оптимизација на училиштата. Од нашето училиште како претставник од наставниците присуствуваше наст. по музичко образование Кољо Галев.

- 17. и 18. Февруари во ДСУ-РЦСОО „Никола Карев" се одржа завршната дисеминација на резултатите од проектот. Активностите беа насочени кон подигање на свеста за проблемите во животната средина со користење Web2.0 алатки, обука и наставни активности надвор од училиштата, како и создавање нови идеи со СТЕМ и кодирање, истовремено развивајќи тимска соработка и меѓукултурни вредности. Во проектот учествуваа и претставници од нашето училиште.

- На ден 04 и 05 јуни во хотел Сириус се одржа работилница за јакнење на капацитетите за превенција од радикализација кој води до насилство и рехабилитација и реинтеграција на ранливи групи во заедницата. Работилницата беше во организација на NEXUS civil concept. Од нашето училиште присуствуваа училишниот психолог Фросина Василева Тошевска и наставникот Васе Велков









- Во текот на учебната 2024/2025 година училиштето континуирано преземаше активности за реализација на поставените цели за подобрување на целокупната воспитно-образовна работа: посета на час на сите наставници од одделенска и предметна настава од страна на директорот, педагогот, психологот и специјалниот едукатор на училиштето со цел: примена на активна настава, проценка на планирањето, подготовката, организацијата и изведбата на часот, односот на наставниците кон учениците. Реализацијата на целите се одвиваше и преку спроведување на програмите за Образование за животни вештини и на “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, како и со реализација на програмата за “Превенција и намалување на насилството во училиштата” , реализација на ПМИО, Модул за унапредување на менталното здравје и безбедност во користење на интернет ( сајбер насилство ).

# Настава

## *- Вид на настава*

Согласно Законот за основно образование, во ООУ “Св. Кирил и Методиј” се реализира задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава.

## *-Организација на задолжителна настава*

Наставата во ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље се изведува во една смена. За учениците од I до V одделение – од 08:15 до 12:55 часот , а наставата за учениците од VI-IX одделение од 07:30 до 12:55. Наставата се реализира во 9 класични училници и мини спортска сала за настава по ФЗО. Наставата се изведува на македонски јазик, задолжителен странски јазик е англискиот, а како втор задолжителен странски јазик од шесто одделение се изучува францускиот јазик.

**Поделба на класно раководство**

| **Реден бр.** | **Име и презиме** | **Одделение** |
|---|---|---|
| 1. | Катерина Атанасовска | I |
| 2. | Марјана Дончева | II |
| 3. | Елисавета Митева | III |
| 4. | Елеонора Велкова | IV |
| 5. | Соња Маглешева | V |
| 6. | Кољо Галев | VI |
| 7. | Блажо Јанев | VII |
| 8. | Горан Потрагански | VIII |
| 9. | Жарко Спасов | IX |

- **Поделба на часови на наставниот кадар**

| **Реден број** | **Име и презиме** | **Наставни предмети** |
|---|---|---|
| 1. | Катерина Маркова | Македонски јазик |
| 2. | Костадинка Цветков | Англиски јазик |
| 3. | Ристе Крстев | Англиски јазик |
| 4. | Роска Пецанова | Француски јазик |
| 5. | Аница Панова | Математика |
| 6. | Блажо Јанев | Географија, Мултикултурни работилници,Разрешување на конфликти, Историја и општество |
| 7. | Горан Потргански | Историја, Граѓанско образ.Историја и општество |
| 8. | Адријана Б.Грнчаров, Надица Бајрактарова | Биологија, Природни науки, Образование на ж.вештини, Заштита на ж.средина |
| 9. | Васе Велков | Физика ,Хемија, Природни науки |
| 10. | Златко Петров,Зоран Јанев | Етика,Иновации,Религиите во светот, Истражување преку виртуелни патувања |
| 11. | Зорица Иванова | Информатика, Техничко образование и информатика, Проекти од информатика |
| 12. | Наталија Пецанова | ФЗО |
| 13. | Димитар Тасев | ФЗО |
| 14. | Жарко Спасов | Ликовно образование |
| 15. | Петар Атанасов | Техничко образование и информатика |
| 16. | Коњо Галев | Музичко образ, Танци и народни ора, Народни ора, Соло пеење |
| 17. | Мирјана Секулова | Италијански јазик |

- **Реализација на наставата**

Во учебната 2024/2025 година процентот на реализирани часови од I до IX одделение е 99,96%.

| Одделение | % на реализирани часови |
|---|---|
| **I** | 100 % |
| **II** | 99,8 % |
| **III** | 99,7 % |
| **IV** | 100,3 % |
| **V** | 99,6 % |
| **VI** | 100,08 % |
| **VII** | 100,38 % |
| **VIII** | 99,8 % |
| **IX** | 100 % |
| **Σ** | **99,96 %** |

## *-Изборна настава*

Во текот на учебната 2024/2025 година се изучуваа следниве изборни предмети:

| Одделение | Изборен предмет |
|---|---|
| **IV** | Народни ора/Образование на животни вештини |
| **V** | Заштита на животна средина/Соло Пеење |
| **VI** | Религиите во светот/Истражување преку витуелни патувања |
| **VII** | Разрешување ,Мултикултурни работилници |
| **VIII** | Проекти од информатика |
| **IX** | Танци и народни ора |

## - *Дополнителна настава*

Согласно ЗОО, според кој е предвидена реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето односно за учениците кои континуирано покажуваат слаби резултати во учењето во текот на учебната 2024/2025 година во училиштето се реализираа вкупно 198 часа, 111 часа за учениците од II-V одделение и 87 часа за учениците од VI-IX одделение. Во прилог се дадени табелите за реализација на дополнителната настава по наставни предмети и одделенија.

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД II- V ОДДЕЛЕНИЕ**

| Наставен предмет | Реализација на часови | | | | Σ |
|---|---|---|---|---|---|
| | II | III | IV | V | |
| Македонски јазик | 10 | 10 | 10 | 10 | 40 |
| Математика | 9 | 9 | 12 | 9 | 39 |
| Општество | | 5 | | | 5 |
| Природни науки | 3 | 6 | 8 | | 17 |
| Историја и општество | | | 6 | 2 | 8 |
| Музичко | | 1 | | | 1 |
| Англиски јазик | | | 1 | | 1 |
| **ВКУПНО** | **22** | **31** | **37** | **21** | **111** |

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI- IX ОДДЕЛЕНИЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставни предмети | Реализација на часови | | | | Σ |
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | |
| Македонски ј. | 6 | 5 | 3 | 5 | 19 |
| Математика | 4 | 4 | 4 | 4 | 16 |
| Француски ј. | | | 4 | | 4 |
| Историја | 1 | 2 | 3 | 1 | 7 |
| Физика | | | 4 | | 4 |
| Биологија | | | | | |
| Хемија | | | 2 | | 2 |
| Географија | 3 | 4 | 3 | 3 | 13 |
| Англиски ј. | 3 | 4 | 4 | 4 | 15 |
| Природни науки | | | | | |
| Иновации | | | | 1 | 1 |
| Историја и општество (Историја) | | | | | |
| Историја и општество ( Географија) | | | | | |
| Историја и општество ( Граѓан.образ) | | | | | |
| Граѓанско образ. | 2 | | 1 | 1 | 4 |
| Техничко образ. и информатика | | | | | |
| Информатика | | 2 | | | 2 |
| Етика | | | | | |
| **ВКУПНО** | **19** | **21** | **28** | **19** | **87** |

## - *Додатна настава*

Во ООУ “Св.Кирил и Методиј” се реализирани вкупно 126 часа додатна настава за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни предмети 82 часа за учениците од II-V одделение и 44 час за учениците од VI-IX одделение. Во прилог се дадени табелите за реализација на додатната настава по наставни предмети и одделенија.

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД II- V ОДДЕЛЕНИЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Реализација на часови | | | | **Σ** |
| Наставен предмет | II | III | IV | V | |
| Македонски ј. | 6 | 2 | 8 | 9 | **25** |
| Математика | 10 | 2 | 9 | 8 | **29** |
| Природни науки | 3 | | 7 | 4 | **14** |
| Англиски јазик | | | 1 | | **1** |
| Општество | | 2 | | | **2** |
| Ликовно образование | | 1 | 4 | | **5** |
| Историја и општество | | | 5 | 1 | **6** |
| Музичко образование | | | | | |
| **ВКУПНО** | **19** | **7** | **34** | **22** | **82** |

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI- IX ОДДЕЛЕНИЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставни предмети | Реализација на часови | | | | Σ |
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | |
| Македонски ј. | | | | 3 | 3 |
| Математика | 3 | 2 | 3 | 2 | 10 |
| Италијански ј. | 4 | | | | 4 |
| Историја | 1 | 2 | 2 | 1 | 4 |
| Физика | | | | | |
| Биологија | | | | | |
| Хемија | | | | | |
| Географија | 1 | 4 | 1 | 1 | 7 |
| Англиски ј. | 1 | 2 | 3 | 2 | 8 |
| Природни науки | | | | | |
| ФЗО | 2 | 2 | | | 4 |
| Историја и општество (Историја) | | | | | |
| Историја и општество ( Географија) | | | | | |
| Историја и општество ( Граѓан.образ) | | | | | |
| Граѓанско образ. | | | 2 | | 2 |
| **ВКУПНО** | **12** | **12** | **11** | **9** | **44** |

## *- Индивидуален план за ученици со ПОП*

Од страна на стручните соработници - специјалниот едукатор и рехабилитатор, психологот и педагогот на училиштето, со помош на одделенските раководители беа идентификувани учениците со ПОП и потешкотии во учењето. Во текот на целата учебна година стручните соработници им даваа поддршка на наставниците за работа со овие ученици во рамките на задолжителната и на дополнителната настава, а се одржуваа и индивидуални средби со учениците и со нивните родители.

## *- Проекти кои се реализираат во училиштето*

**1.Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

Во рамките на ПМИО во текот на учебната 2024/2025 година беа реализирани следниве активности:

- Формирање на ученичка и училишна заедница согласно Прирачникот за демократско учество на учениците во работата на училиштето.
- Реализација на часови со мултикултурна содржина од страна на наставниците во предметна и одделенска настава.
- Реализација на заедничката активност “**ИГРАМЕ, СПОРТУВАМЕ И СЕ ДРУЖИМЕ**“ на ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље, о.Струмица и ООУ “Маршал Тито”, с.Муртино“, о.Струмица.









## 2.Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем

Во рамките на проектот “Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем”, во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година беа реализирани следниве активности:

- Реализација на часови со примена на еко-стандардите
- Реализација на еко активности:

### 2. ЕКО АКТИВНОСТ

**Одбележување на Светскиот ден на чистиот воздух**





Чистиот воздух претставува еден од клучните елементи за здравјето на децата. Вдишувањето на токсичните елементи од загадувањето на воздухот ја компромитира работата и функцијата на белите дробови.

Последиците од загадувањето на воздухот се чувствуваат во сите поголеми градови, во Скопје, Струмица, Тетово, Битола. Се зголемува бројот на заболени деца и на возрасни, но и на смртни случаи како последица на загадениот воздух.

Нашите ученици активно се вклучија во одбележување на Светскиот ден на чистиот воздух - се читаа едукативни материјали и гледање на документарен филм „Црни бели дробови“ со содржина за загадувањето на воздухот во Скопје, низ разговори со најзасегнатите од овој проблем.

- **Едукација на учениците и наставниот кадар за Управување со отпад – 27.09.2024 г.**

Име на проектот: Едукација на учениците и наставниот кадар од основните училишта за селекција на отпад и зачувување на постоечката опрема за отпад на територијата на општина Струмица

- Цели: Едукација на учениците и наставниот кадар во вашето училиште за:
- Видови на отпад
- Означување на отпадот
- Селекција на отпад (примарна и секундарна)
- Кој отпад се селектира и како
- Како се организира процесот на селекција
- Запознавање со постоечката опрема за отпад на територија на општина Струмица и начини на зачувување на истата
- Управување со отпад (намалување на отпад, реупотреба, рециклирање, компостирање, искористување на отпадот за енергија, депонирање)

- Финансиер: Општина Струмица
- Едукатор/консултант: Митко Шопов
- Во трето и петто одделение.





22 април - Меѓународен ден на планетата Земја - празник на единствениот дом на сите живи суштества.

Целта на одбележувањето на "Денот на планетата Земја" е подигање на свеста за заштита на животната средина и намалување на загадувањето.
Денот на планетата Земја претставува можност секој од нас како дел од планетата да размисли за своето однесување кон Земјата, дали се однесуваме правилно и одговорно и што можеме да направиме да биде почиста и поубава. Бидејки само здрава и чиста животна средина може да ни овозможи квалитетен живот. Неопходно е сите ние секојдневно да се трудиме правилно да ги чуваме природните убавини во својата најблиска околина.


Happy Earth Day !
april 22



**Нашето училиште го одбележи и  Денот на пролетта и Денот на екологијата 21 март**





**2. “Превенција на насилството во училиштето”**

**- Превенција од насилство**

Реализација на работилници од страна на стручните соработници за спречување на насилното однесување на часот на одделенска заедница за учениците од II до IX одделение.






Cyberbullying
What is cyberbullying?
1. Work in groups- match the definitions
with the given words 10 minutes.
(choose a leader in the group- try to speak
as much English as possible)
2. Watch a short video about a



## *Употреба на ИКТ во наставата*

Наставниците од одделенска и предметна настава , согласно ЗОО, планираа и реализираа интерактивна настава со примена на ИКТ со цел унапредување на наставата и постигнување на повисоки резултати.





# Оценување

Учениците од I до III одделение на крајот на учебната година беа описно оценети, а учениците од IV до IX одделение добија бројчани оцени. На почетокот на учебната година од страна на наставниот кадар беше направен план за писмено оценување, имајќи ги во предвид законските ограничувања, а беа подготвени и критериуми и стандарди за оценување прилагодени за секој наставен предмет. За време на наставата учениците имаа можност да се оценуваат меѓусебно, како и да се самооценуваат. Од страна на стручната служба на училиштето континуирано, во текот на целата учебна година (тримесечје, полугодие и крај на учебната година) беше направена анализа на состојбите со оценувањето (споредбено со извештаите 3 години наназад).

# Воннаставни активности

## - Училишен спорт

-

На 05.11.2024 год. (вторник) во спортската сала на ООУ Никола Вапцаров во Струмица, се одржа турнирот на четвртата квалификациона група на Меѓуопштинскиот натпревари во ФУТСАЛ за основни училишта за машки, на кој беа постигнати следните резултати. Полуфинале:
Никола Вапцаров-Струмица 6 : 0 Гоце Делчев-Босилово
Св.Кирил и Методиј-Дабиле 7 : 0 Маршал Тито-Струмица
Натпревар за 3 - 4 место:
Гоце Делчев - Босилово 3 : 5 Маршал Тито-Струмица
ФИНАЛЕ : Никола Вапцаров - Струмица 3 : 1 Св.Кирил и Методи ј- Дабиле

На 12.11.2024 во спортската сала на ООУ "Никола Вапцаров" во Струмица се одржа Четвртфиналниот турнир на Меѓуопштинските натпревари во ФУТСАЛ за основни училишта - Машки, на кои беа постигнати следните резултати :
Видое Подгорец Струмица 3 : 4 Гоце Делчев Василево
Св.Кирил и Методиј Иловица 2 : 2 (3:1 пенали) Св.Кирил и Методиј Дабиле

На 27 Мај 2025 во спортската сала на ООУ "Никола Вапцаров" во Струмица, се одиграа Четвртфиналните натпревари во ФУТСАЛ за 6 - 7 одделение во Машка конкуренција при основните училишта на Меѓуопштински Сојуз на училишен спорт на Струмица, на кои беа постигнати следните резултати :
Св.Кирил и Методиј - Иловица 0 : 6 Св.Кирил и Методиј - Дабиле
ФИНАЛНИОТ турнир за победник на Меѓуопштинските натпревари во ФУТСАЛ за 6 - 7 одд. ќе се одржи на 29 Мај 2025 год. во спортската сала на ООУ "Никола Вапцаров" во Струмица.

На 29 Мај 2025 во спортската сала на ООУ "Никола Вапцаров" во Струмица, се одржа ФИНАЛНИОТ турнир на Меѓуопштинските натпревари во ФУТСАЛ за 6 - 7 одделение во машка конкуренција, на кои учествуваа 14 училишни екипи.

Во Полуфиналните натпревари беа постигнати следните резултати:

Св.Кирил и Методиј - Дабиле 1 : 2 Видое Подгорец – Струмица

Натпревар за 3-4 место:

Св.Кирил и Методиј - Дабиле 2:2 (5:6 пенали) Мануш Турновски - Ново Село

Со тоа го завршивме понатамошното учество.









- ***Секции и слободни ученички активности***

За развивање на различните интереси на учениците, училиштето организира слободни ученички активности, во кои се вклучија учениците на почетокот на учебната година преку анкетирање на учениците се формираа 8 секции и тоа: библиотекарска секција, драмско-рецитаторска секција, млади јазичари (англиски јазик), француски јазик, млади математичари, секција на млади музичари, ликовна секција, спортска секција.

- Кино претстава за учениците од одд настава Биби и Боби "Волшебната шума" со синхронизиран превод и за учениците од 6-9 одд филмот"Хакер" 10.10.2024 г.

- На ден 12.11.2024 година нашите ученици од петто одделение имаа можност да ја посетат фабриката Винчини Чоколенд Виница,по покана на Фондација Прогресив Академија-во нивниот едукативен центар. Пред посетата на,,Винчини Чоколенд,,-учениците беа известени дека нивниот влез ќе го обезбедат со продавање на своја изработка. Активноста беше реализирана во училиштето и дел во домовите. Имавме креативна кујна – Готвиме заедно-,,Направи го својот мафин,,-каде учениците со помош на вработените ги направија своите мафини,ги испекоа,ги декорираа и на крај ги дегустираа.

- На ден 15.11.2024 година, во просториите на Природно-математичкиот факултет во Скопје, се одржа 46-та Школа „Млади физичари“ - експериментална физика за учениците од основните училишта. Нашето училиште беше единственото од општина Струмица што учествуваше на школата. Нашите ученици Христијан Христов и Васил Поп-Трајков од IX одделение ја освоија III-та награда со својот иновативен експеримент „Светлосен автопат“. Ментор: наставник Васе Велков


WHATEVER
YOU WANT


Vincinni


Vincinni


МАТЕМАТИКА
1946
МУДРОСТА
ЗАПОЧНУВА СО
ЖЕЛБАТА ЗА ЗНАЕЊЕ
www.pmf.ukim.edu.mk
ТАЈНИТЕ НА
ПРИРОДАТА
НА ДОФАТ





- По повод одбележувањето на Светската недела на италијанската кујна, ученици од нашето училиште заедно со предметниот наставник по италијански јазик Мирјана Секулова, учествуваа во работилница насловена како „Италијанска божиќна забава“. На овој настан, учениците имаа можност сами да подготват пица под менторство на искусни пица мајстори. Настанот е од едукативно-забавен карактер и се одржа во Вила Парк – Струмица





Во периодот од 23 до 26 април 2025 година, нашето училиште учествуваше на манифестацијата „Денови на електротехника“, организирана од СЕТУ „Михајло Пупин“ – Скопје. Настанот има државен карактер и претставува можност за промоција на техничките и природните науки.

Бевме единствени претставници од општина Струмица. Тимот го сочинуваа учениците:

- Анастасија Велковска
- Елизабета Малинова
- Ристе Василев
- Зорица Митева
- Никола Ристоманов
- Филип Киров

Под менторство на проф. Васе Велков.


МИХАЈЛО ПУПИН

На натпреварот по физика учествуваа тројца ученици:

- Ристе Василев – 62,5 поени
- Елизабета Малинова – 43 поени
- Анастасија Велковска – 33 поени
  Вкупно освоени: 138,5 поени.




Учениците успешно го претставија училиштето со знаење, ангажираност и тимска работа. Дополнително, учениците ја посетија хидроелектраната „Вруток“ и изворот Вруток, што беше корисна практична едукативна активност.


ВРУТОК


ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА
ЕНЕРГИЈАТА НА НАШАТА ЗЕМЈА
ANDRITZ Hydro
3 - Phase Synchronous Generator

- По повод 7 Мај – Денот на македонската полиција ЛУБ “ Благој Јанков Мучето“ Струмица распиша конкурс за литературна творба или илустрација на тема : “ Хероите носат униформа – но и срце“. Од нашето училиште учество зедоа ученичките Анастасија Велкова – 9 одд, Зорица Митева – 9 одд, Елизабета Малинова – 9 одд и Јулијана Ристова – 6 одд. Ментор: наставничката по македонски јазик Катерина Маркова.






- ***Ученички натпревари и конкурси***

Учениците од V до IX одделение, поддржувани од наставниците, учествуваа на бројни општински, регионални, државни натпревари, чија цел е поттикнување на нивниот натпреварувачки дух и развивање стремеж за постигнување на успех во областа на културата, науката, уметноста, спортот.

Учениците од I до IX одделение учествуваа на: литературниот и ликовниот конкурс по повод Детската недела на тема: “ **За поубав детски свет”.**

На литературниот и ликовниот конкурс распишан од Дом за деца и млади “Благој Мучето” по повод Нова година на тема: **”Новогодишна желба”** од нашето училиште беа наградени Сандра Филева IV одд со втора награда на ликовниот конкурс и Јулијана Ристова VI одд со втора награда на литературниот конкурс, со нивните ментори.








- На ликовниот конкурс на тема: „Жената - симбол за љубов, топлина и сигурност” по повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, распишан од Дом за деца и млади "Благој Мучето" нашата ученичка Тамара Караманова од четврто одделение ја доби третата награда, под менторство на наставничката Елеонора Велкова.







- 29.05.2025 учениците се натпреваруваа во екипно цртање во техника сув пастел, од повеќе градови од Македонија. Настанот се одржа во градскиот парк непосредно пред Дом на Арм. Од нашето училиште учество зедоа ученички од осмо одд.





ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.ДАБИЉЕ,о.СТРУМИЦА

- По повод Денот на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј, основоположници на словенската писменост и литература, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ од Струмица распиша конкурс за најубав сопствен кириличен ракопис за учениците од основните и средните училишта и возрасни учесници на тема:

„Кирилицата е нашата азбука”

Во категоријата ученици од трето до петто одделение, од нашето училиште наградена е ученичката Бојана Китановска од петто одд. а категоријата ученици од шесто до деветто одделение, ученичката Елизабета Малинова.

Ментори Соња Маглешева и Катерина Маркова

Честитки до учениците. Македонската азбука е кирилица









доделува
БЛАГОДАРНИЦА



- На распишаниот литературниот конкурс на тема:”Пролет, природа, убавина” распишан од Дом за деца и млади “Благој Мучето”- Струмица нашата ученичка ја доби втората награда:

1. Елизабета Малинова - ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – Дабиле

Ментор Катерина Маркова.



| Вид на натпревар | Ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар по природни науки | Христина Велковска | IV | III | Елеонора Велкова |
| | Илина Аговска | V | III | Соња Маглешева |
| | Бојана Трајков | V | III | |
| | Лара Ташурова | VI | II | Васе Велков |
| | Симона Малинова | VI | II | |
| Општински натпревар по физика | Василија Филева | VIII | II | Васе Велков |
| | Анастасија Велковска | IX | III | |
| | Елизабета Малинова | IX | Трето (пласиран) | |
| | Јован Д.Филев | VIII | Трето (пласиран) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар по англиски јазик | Верица Јованова | VII | III | Костадинка Цветков |
| | Васил Иванов | VIII | III | |
| Општински натпревар по математика | Јован Атанасов | IV | I | Елеонора Велкова |
| | Симона Малинова | VI | II | Аница Панова |
| | Василија Филева | VIII | II | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Регионален натпревар по македонски јазик | Зорица Митева | IX | III | Катерина Марков |
| Регионален натпревар по англиски јазик | Верица Јованова | VII | III | Костадинка Цветков |
| | Васил Иванов | VIII | III | |
| Регионален натпревар по природ. науки | Христина Велковска | IV | III | Елеонора Велкова |
| | Бојана Китановска | V | III | Соња Маглешева |
| | Илина Аговска | V | III | |
| | Бојана Трајков | V | III | |
| | Сузана Иванова | V | III | |
| | Лара Ташурова | VI | III | Васе Велков |
| | Симона Малинова | VI | III | |

- На ден 08.11.2024 година во нашето училиште се одржа интернационалниот натпревар ,,Дабар’’ организиран од страна на наставничката по информатика Зорица Иванова.
  Учесници на натпреварот беа учениците од VI одд. кои добија уверенија за учество.

- На ден 29.04.2025 (вторник) се одржа Општинскиот натпревар по Прва Помош, во организација на Црвен крст Струмица. Несреќите се случуваат секојдневно и насекаде: во домот, на улица, на училиште, на работно место, на игралиште, во природа...Во таквите ситуации правилното укажување прва помош навистина може да значи живот или смрт, бидејќи без ваква помош дури и малите повреди може да станат сериозни или фатални. Затоа, за да се обезбеди сигурноста на вработените и на учениците во училиштата, важно е едукацијата за правилно укажување прва помош да биде задолжителна во секое училиште. Од нашето училиште учествуваа ученици од IX одд.
  Ментор: наст. по ФЗО – Наталија Пецанова


1993
3·1=3
5·1=6
7·1=7
10·1=10
3·2=6
4·2=8
5·2=10
6·2=12
9·2=18
10·2=20
4·3=12
5·3=15
6·3=18
7·3=21
8·3=24
9·3=27
10·3=30


ДИПЛОМА
ПОТВРДА
ДИПЛОМА




Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology


БЛАЖЕ
КОНЕСКИ

- ***Хуманитарен новогодишен базар***

На ден 30.12.2024 год. се реализираше Новогодишен базар во училиштето под мотото „Донираме од срце“. Паричните средства собрани од Новогодишниот базар беа наменети за донација на лечење на наши сограѓани.






***- Хуманитарен Велигденски базар***

Во чест на Велигденските празници, нашето училиште организираше Хуманитарен Велигденски базар, каде учество зедоа целиот тим на вработени, родителите и секако највредните рачиња на нашите ученици кои изготвија преубави изработки! Нека секој од нас биде хуман, и покаже човечност онаму кај што навистина е потребна!





- ***Хуманитарна донација***

- На ден 24.12.2024 г. клубот на моторџии Мишел на учениците од прво одделение им подари новогодишни пакетчиња и топки ( фудбалски и за одбојка ).Клубот подарува паќетчиња веќе втора година



Реализација на работилници со учениците од VIII и IX одделение во рамките на **Програмата за антикорупциска едукација на учениците во основно образование.** Согласно програмата за антикорупциска едукација на учениците во основно образование, за осмо и деветто одделение наставникот по Граѓанско образование,Горан Потргански ги одржа предвидените активности односно сите предвидени работилници се реализирани според предвидената временска рамка за учебната 2024-2025 година. Во текот на реализираните работилници беа реализирани наставни методи како играње на улоги,дискусија, дебата и наставни техники како бура на идеи, прашалник за учениците, изработка на вежба „Линија на животот“ потоа изработка на вежбата „Барометар“ и вежба „Асоцијации“. Во текот на сите реализирани работилници учениците покажаа завидна посветеност и заинтересираност при што се запознаа со поимите предвидени како очекувани исходи од наставните часови.Учениците се запознаа со поимите корупција, антикорупција, етичност, ДКСК и сите други механизми кои се грижат за спречување на корупцијата во општеството.






- **Ученички екскурзии**

Примарна цел на екскурзиите, како посебна форма на воспитно-образовна работа е на организиран начин да се проширувааат општите и стручните знаења на учениците, да се запознавааат со природните убавини и културно-историските знаменитости во поблиската и пошироката заедница, да развиваат позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.Од предвидените екскурзии за учебната 2024/2025 година, согласно Правилникот за екскурзии, во текот на учебната 2024/2025 година се реализирaa: еднодневни прошетки во блиската околина со учениците од I-IX одделение. Тридневна екскурзија низ Република Македонија со учениците од IX одделение, дводневна екскурзија со учениците од VI одделение и еднодневна екскурзија со учениците од III одделение успешно беа реализирани.
















Galaxy A23 5G


Galaxy A23 5G


Археолошки локалитет Стоби
Archaeological site Stobi
Galaxy A23 5G


Galaxy A23 5G

- ***Работилници***

На ден петок 28.10.2024 година со учениците од VIII одделение спец. едукатор и рехабилитатор реализира работилница на тема: **„Јас имам дислексија“.** Целта на работилницата беше учениците да се запознаат со потешкотиите со кои се соочуваат лицата кои што имаат дислексија и начините на кои што тие можат да им помогнат.







На ден 04.11.2024 година со учениците од VII одделение училишниот психолог реализира работилница на тема “**Самоконтрола е .......** “.Целта на работилницата беше учениците да научат дека самоконтрола е способност да управуваме со своите импулси и своето однесување, да одолееме на искушенијата со силата на својата волја за да постигнеме долгорочни цели.





На ден среда 27.11.2024 година со учениците од V одделение спец. едукатор и рехабилитатор и училишниот педагог реализираа работилница на тема: **„Соработка наспроти натпревар“.** Целта на работилницата беше да се воочи разликата помеѓу натпревар и соработка, да се воочат различите чувства кои се јавуваат кај натпревар (победник или поразен) и чувствата кои се јавуваат кај соработка (позитивни чувства, задоволство, почитување, доверба).









На ден 02.12.2024 година со учениците од VIII одделение училишниот психолог реализира работилница на тема “**Поканете благодарност во вашето срце“.** Целта на работилницата беше учениците да научат да ги анализираат своите чувства и чувствата на другите во ситуации кога искажуваат благодарност.








- Нашето училиште го одбележа 3-ти декември Светскиот ден на лицата со попреченост преку работилница реализирана од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор заедно со учениците од 9 одделение.







- На ден 27.01.2025 година со учениците од IX одделение беше реализирана работилница на тема “**Толеранција** “.Целта на работилницата беше учениците да ги анализираат маѓусебните сличности и разлики, да го го разберат значењето на поимот толеранција, да ги согледаат начините за поттикнување на толеранција меѓу луѓето.



- На ден петок 21.02.2025 година со учениците од IV одделение беше реализирана работилница на тема:**„Здрави животни навики- редовна физичка активност, правилна исхрана и доволно сон “.**

Целта на работилницата беше учениците да станат свесни за своите животни навики за редовна физичка активност, правилна исхрана и доволно спиење.







- На ден 13.03.2025 година со учениците од IV одделение беше реализирана работилница на тема ,, Составување на приказна по слики ’’ . Работилницата беше реализирана од страна на библиотекарот.







- На ден 17.03.2025 година понеделник,19.03.25 год. среда и 21.03.25 година петок со учениците од I, II и IV одделение беа реализирани работилници на тема: **„Сите сме различни, но сите сме исти“.** Работилниците беа реализирани од страна на спец.едукатор и рехабилитатор во соработка со библиотекарот и ученичка од библиотекарската секција.Целта на работилниците беше одбележување на  Светскиот ден на лицата со Даунов синдром и Денот на пролетта.









- Училишниот психолог во нашето училиште заедно со учениците од шесто одделение, реализираше работилница од Прирачникот за превенција на насилство меѓу врсниците. Работилницата “Моите негативни чувства“ имаше за цел учениците да ги препознаат своите и туѓите агресивни чувства; да го/ги разберат изворот/причините за овие чувства; да направат диференцирање на негативните чувства. Работилницата заврши со “поништување“ на негативните чувства со позитивни емоции.



- На ден среда 02.04.2025 година со учениците од V одделение беше реализирана работилница на тема: **„**Се запознаваме со аутизмот**“.** Целта на работилницата беше учениците да се запознаат со што овие луѓе секојдневно се соочуваат, нивните карактеристики, можности, потребата од поддршка и давање помош кога им е потребна, и кога и зошто се одбележува Светскиот ден на лицата со Аутизам.







- На ден 29.04.2025 година со учениците од IX одделение беше реализирана работилница на тема “**Оптимизам “.** Целта на работилницата беше учениците да ја разберат разликата помеѓу реален и нереален оптимизам, учениците да анализираат како оптимистичките и песимистичките ставови влијаат на чувствата, однесувањето и сликата за себе.







- На ден 22.05.2025 година од страна на психологот на училиштето со учениците од деветто одделение беше реализирана работилница на тема “Самоспознавање-автопортрет (професионална ориентација)”.






Основното општинско училиште „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиље реализираше повеќе активности по повод Месецот на книгата (15.10.2024 – 15.11.2024 г.)

Во прилог е табелата за професионалниот развој на образовниот кадар во учебната 2024/2025 година:

| Наставник/ стручен соработник | Работно место | Вид на стручно усовршување | Тема на обуката | Време/место на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Васил Бубев | директор | Обука | Обука за примена на законски регулативи и предизвици при соработка на директорите и секретарите од основните училишта со училишниот одбор | 28.05.2025 г. во ООУ“ Видое Подгорец“ - Струмица |
| Фросина Василева Тошевска | психолог | Обука | Инклузивно образование во пракса | 22.08.2024 - онлајн |
| | | | „Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија“. | 02.11.2024г. во Младински Центар |
| | | | Инклузивна училница во пракса | 02.11.2024 - онлајн |
| | | | “Психомоторен развој кај деца, говорно-јазичен развој и стимулација на прозборување, дисхармоничен развој на деца“ | 16.11.2024 г. - Велес |
| | | Вебинар | “Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси“ | 17.12.2024 г. - онлајн |
| | | Обука | „Менталното здравје кај децата во градинка и училиште: кога и како да се побара стручна помош“. | 07.05.2025 г. - онлајн |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Слаџана Николова | педагог | Обука | Инклузивно образование во пракса | 22.08.2024 - онлајн |
| | | | “Психомоторен развој кај деца, говорно-јазичен развој и стимулација на прозборување, дисхармоничен развој на деца“ | 16.11.2024 г. - Велес |
| Зорица Бозова | спец.едукатор и рехабилитатор | Обука | Инклузивно образование во пракса | 22.08.2024 - онлајн |
| | | | “Психомоторен развој кај деца, говорно-јазичен развој и стимулација на прозборување, дисхармоничен развој на деца“ | 16.11.2024 г. - Велес |
| | | | | |
| Катерина Маркова | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 20.06.2025 г. – онлајн |
| Катерина Стојанова Василева | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| Елеонора Велкова | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| Соња Маглешева | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| | | Обука | Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија“. | 02.11.2024г. во Младински Совет |
| Коле Галев | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 02.07.2025 г. – онлајн |
| Мирјана Секулова | наставник | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 19.06.2025 г. – онлајн |
| Роска Пецанова | наставник | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 18.06.2025 г. – онлајн |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Жарко Спасов | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 25.06.2025 г. – онлајн |
| Катерина Атанасовска | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| Блажо Јанев | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 18.06.2025 г. – онлајн |
| Горан Потргански | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 24.06.2025 г. – онлајн |
| Андријана Б.Грнчаров | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| Зорица Иванова | наставник | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 04.07.2025 г. – онлајн |
| Надица Бајрактарова | наставник | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 25.06.2025 г. – онлајн |
| Васе Велков | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)" | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |
| | | | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 19.06.2025 г. – онлајн |
| Аница Панова | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за пристап и користење на националната платформа | 27.08.2024 г. - онлајн |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 20.06.2025 г. – онлајн |
| Костадинка Цветков | наставник | Обука | Работна средба за Новата наставна програма за VII одд. | 03.07.2024 г. онлајн |
| | | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 26.06.2025 г. – онлајн |
| Наталија Пецанова | наставник | Обука | Работна средба за Новата наставна програма за VII одд. | 03.07.2024 г. онлајн |
| | | Обука | Обука за новата наставна програма за седмо одд. | 25.06.2025 г. – онлајн |
| | | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| Зорица Смиќик | наставник | Обука | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство)” | 21.08.2024 г. во ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље |
| | | Обука | Обука за пристап и користење на националната платформа | |

# Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

## *- Локална заедница*

- На ден 18.09.2024 год. од страна на невладината организација на жени - Струмица донираше 60 сезонски цвеќиња (садници), за разубавување на училишниот двор.






- На 19.09.2024 год. од страна на Националната агенција за европски образовни политики и мобилност беа донирани 20 садници на нашето училиште.








Нашето училиште  го одбележа патрониот празник. Со свеченост организирана од наставниците и учениците, и со положување свежо цвеќе пред бистата на сесловенските просветители, нашето училиште го одбележа патрониот празник.







с.Дабиље

Нашето повекенаменско спортско игралиште доби нов сјај. Благодарност до претседателот на урбана месна заедница Дабиље, Бончо Божиков за осветлувањето на игралиштето со лед рефлектори.Благодарност до приватното претпријатие Руски комерц од Дабиле за оградната мрежа на игралиштето позади стативите.Училиштето ги опреми со мрежи кошевите,стативите и изведе конструкција за оградните мрежи.Се за доброто на учениците од нашето училиште.







***-Институции од областа на културата***

Нашето училиште и оваа година зеде учество во Струмичкиот карневал на кое успешно се претстави со маската насловена „ Небесна симфонија “ со која добивме трета награда во категоријата В групна маска со 20 до 30 лица во износ од 150 евра во денарска противвредност.













СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ
STRUMICA CARNIVAL
FECC
2025
ДОДЕЛУВА
НАГРАДА
за освоена III награда во категорија
Групна маска со 20 до 30 лица
ВО ИЗНОС ОД 150 Евра во денарска противвредност

СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ
STRUMICA CARNIVAL
FECC
2025
ДОДЕЛУВА
ДИПЛОМА
на маска со реден број 2
„Небесна симфонија“ ООУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиле, о.Струмица
за освоена III награда
во категорија
Групна маска со 20 до 30 лица
EVN
GROZD
КОМУНАЛЕЦ



По повод 24 Мај Денот на сесловенските просветители светите браќа Кирил и Методиј, општина Струмица организира Свечена академија на која се доделија признанија за исклучителни резултати во работата, афирмација на професијата и на институцијата на наставникот по Физика, Васе Велков вработен во нашето училиште.










- ***Институции од областа на образованието***

Во текот на учебната 2024/2025 година училиштето оствари соработка со општинскиот просветен инспектор, Одделението за образование од општина Струмица, државниот просветен инспекторат, БРО, МОН, МЦГО, како и со другите основни и средни училишта во општина Струмица.

- **Инспекциски надзор**

Во текот на учебната 2024/2025 година беа извршени инспекциски надзори од страна на општинскиот просветен инспектор, државните просветни инспектори и државниот санитарен инспектор. Од инспекциските надзори беа доставени записници до училиштето.

- На ден 29.10.2024 год. од страна на Државниот просветен инспектор Ѓорги Митров се изврши редовен надзор во училиштето во врска со формирање и работење на училишни спортски клубови.

- На 19.02.2025 год. ДПИ Ѓорги Митров изврши редовен инспекциски надзор со предмет Антикорупциска едукација на учениците и водење на Е-дневник.

- На 06.05.2025 год. во училиштето се изврши стручен увид од страна на советници од БРО. На увидот беа побарани на увид планирањата на наставниците, постапките за избор на Слободен изборен предмет, изготвени ИОП од страна на УИТ како и докази за учество на наставниците во обуки за професионален развој.

- На ден 13.05.2025 год. во училиштето се изврши инспекциски надзор од ДСЗИ

## Реализација на дејноста на училишниот одбор и на стручните органи на училиштето

### *Училишен одбор*

Училишниот одбор како највисок орган на управување на училиштето, работеше во согласност со својата програма и законските прописи. На своите состаноци разгледуваше прашања и проблеми од животот и работата на училиштето, донесуваше одлуки и решенија .

- Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година.
- Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година .
- Разгледување на доставените документи по објавениот оглас за определено работно време за учебната 2024/2025
- Разгледување на завршната сметка за 2024 година и донесување на Одлука за предлагање за усвојување до Советот на о.Струмица.
- Разгледување на финансискиот план за 2025 година и донесување на Одлука за предлагање за усвојување до Советот на о.Струмица.
- Донесување на Одлука за формирање на стручни тимови за подготовка на Програми за екскурзии за учебната 2024/2025 година.
- Одобрување на Програмите за изведување на ученички екскурзии за учебната 2024/2025 година.
- Донесување на Одлука за формирање на комисии за спроведување на постапка за организација на ученичките екскурзии за учебната 2024/2025 година.
- Донесување на Одлука за попис на средства и обврски за 2024 година.
- Донесување Одлука за формирање на комисија за попис.
- Усвојување на извештајот за извршен попис од страна на пописната комисија за 2024 година
- Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година.
- Разгледување и одобрување на Самоевалуација за периодот од 2024 -2026 година

- Разгледување и усвојување на Извештај од реализирана екскурзија со учениците од деветто одделение
- Разгледување и усвојување на Извештај од реализирана екскурзија со учениците од шесто одделение
- Разгледување и усвојување на Извештај од реализирана екскурзија со учениците од трето одделение
- Разгледување на извештај од првото тримесечје за учебната 2024/2025 година
- Разгледување и одобрување на измените на план за Заштита и спасување од природни непогоди
- Донесување одлука за награда на еден наставник или стручен соработник по повод 24 Мај – Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј

***Наставнички совет***

Наставничкиот совет како стручен орган на училиштето одржа 7 состаноци на кои беше расправано и одлучувано за прашања поврзани со воспитно - образовната работа на училиштето, меѓу кои:

- Разгледување на Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година
- Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 и давање мислење за истата
- Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето учебната 2024/2025
- Донесување на Одлука за избор на раководители на паралелката
- Донесување на Одлука за формирање на стручни активи, совет на одделенски наставници и совет на предметни наставници
- Давање мислење за приправникот Мирјана Секулова
- Избор на членови за Училишен одбор од редот на наставниците и стручни соработници при ООУ„Св.Кирил и Методиј“.
- Давање мислење за приправникот Зорица Смикиќ
- Давање мислење за приправникот Зорица Иванова
- Давање мислење за приправникот Петар Атанасов
- Разгледување и утврдување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечје од учебната 2024/2025 година

- Разгледување на Извештаите од реализираните екскурзии со учениците од III, VI и IX одд.
- Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот од Првото полугодие од учебната 2024/2025 година
- Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечје за учебната 2024/2025 година
- Донесување одлука за формирање комисија за фотографирање на учениците од IX одд.
- Донесување одлука за полуматурска прослава на учениците од IX одд.
- Донесување одлука за доделување на пофалници за ученици, екипи и наставници-ментори за учество на натпревари на Денот на училиштето
- Организирање на хуманитарен Велигденски базар
- Давање предлог за избор на наставник-учесник за доделување награда на Свечена академија по повод 24 Мај – Денот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј
- Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците од I до VIII одделение на крајот од учебната 2024/2025година.
- Предлог мислење за Годишна програма за учебната 2025/2026 год.
- Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците од IX одделение на крајот од учебната 2024/2025 година.
- Одредување на термин за одржување на родителски средби.
- Усвојување на ранг листа за ученик – првенец на генерацијата.
- Донесување на Одлука за употреба на учебници за 2025/2026 година
- Донесување Одлука за упатување на одделенски испит за осмо одделение на ученикот Никола Колев

### *Совет на одделенски и предметни наставници*

Советот на одделенски и предметни наставници беше активно вклучен во реализацијата на наставата од прво до деветто одделение преку: разгледување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година и на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025година, изготвување на програма за работа со талентирани ученици и ученици кои потешко напредуваат, разгледување на успехот на учениците по класификациони периоди, решавање на воспитно-образовните проблеми во одделенијата, како и други работи утврдени во статутот на училиштето.

### *Одделенски раководители*

Раководителите на паралелките во текот на учебната година ја остваруваа својата програма за работа, како и програмата за образование за животни вештини; се грижеа за решавање на воспитните и наставните проблеми на учениците и активно соработуваа со директорот, стручните соработници и со родителите на учениците.

### *Стручни активи*

Во текот на оваа учебна година четирите стручни активи: активот на одделенски наставници, активот на природната група предмети, активот на општествено- јазичната група предмети и активот по музичко, ликовно и физичко и здравствено образование учествуваа во подобрувањето на воспитно-образовната работа во училиштето: изготвуваа годишни планирања за работа, одлучуваа при изборот на учебниците во основното училиште, изготвија план за набавка на стручна литература и нагледни средства и други стручни работи определени со Годишната програма за работа на училиштето.

***Совет на родители***

Советот на родители и оваа учебна година даде свој придонес за остварување на интересите на учениците, одржувајќи 5 состаноци. Тој дејствуваше согласно својата програма за работа и согласно Статутот на училиштето, меѓу кои:

- Разгледување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024.
- Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/20254 година.
- Верификација на мандатот на претставникот на родителите од I одд.
- Верификација на мандатот на претставникот на родителите од VII одд
- Донесување на решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за избор на членови во Училишниот одбор
- Предлагање и избор на членови во училишниот одбор
- Давање мислење за одобрување на отпочнување на постапка за осигурување на учениците од I до IX одд
- Разгледување на поднесената оставка од претседателот на Совет на родители
- Предлагање и избор на претседател на Совет на родители
- Разгледување на Програмите за екскурзии за учебната 2023/2024 година и давање мислења за нив.
- Разгледување на Програмата за работа на советот на родители.
- Реверификација на мандатот на членови од Училишен одбор
- Информација за вклученоста на училиштето во Проектот за меѓуетничка интеграција кој е предвиден, да се реализира до крајот на 2023 год.Давање предлози и од страна на родителите
- Давање предлози за приоритети за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година.
- Разгледување на Извештајот за успехот и поведението на учениците на крајот од првото и третото тримесечје од учебната 2023/2024 година.

.

## ***Родителски средби***

Соработката на училиштето со родителите има значајна улога за остварување на воспитно-образовната работа. Одделенските раководители, наставниците, стручните соработници и директорот во текот на целата учебна година остваруваа индивидуални средби со родителите на учениците, а на ниво на одделенија беа одржани 4 родителски состаноци, на кои родителите беа запознаени со:

- Наставните планови и програми за учебната 2024/2025 година
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Предлог дискусија за организирана исхрана и осигурување во училиштето
- Програмите за изведување на екскурзиите за учениците за учебната 2024/2025 година
- Успехот, поведението и дисциплината на учениците на крајот на првото тримесечје и на крајот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година.
- Редовно носење на работна облека и нивна потреба од дополнување
- Забрана за носење и употреба на мобилни телефони

## Извештаи од работата на директорот и на стручните соработници

### Извештај за работата на директорот

Директорот како раководен орган максимално вложуваше напори за подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно образовната дејност во училиштето.

Реализираните активности во работата на директорот се темелеа врз основа на: Годишната програма за работа на училиштето, Програмата за развој на училиштето и Програмата за работа на директорот.

При реализирање на активностите на воспитно-образовната дејност, директорот се раководеше со следните компоненти: планирање, раководење, координирање и следење на воспитно-образовниот процес.

На планот на подобрување на условите за работа, директорот се залагаше да се реализираат приоритетите од годишната програма, како и подобрување на квалитетот на наставата. Учествуваше на сите семинари за стручно усовршување преку давање поддршка за стручно усовршување.

Следењето на воспитно-образовната работа како важен сегмент за унапредување на наставата беше дел од работата на директорот и се состоеше во извршувањето на секојдневните наставни и воспитни задачи, следењето на воспитно-образовниот процес, изготвување извештаи, следење на напредокот на учениците и давање поттик за постигнување на повисоки резултати во наставата и вонннаставните активности.

Директорот на училиштето учествуваше во аплицирање на различни проекти за подобрување на условите за работа и збогатување на училиштето со материјално-технички средства. Дел од работата на директорот беше и одговорноста за законитоста во работата и правилно материјално-финансиско работење.

Директорот на училиштето со активно учество и презентирање на соодветни прилози, непосредно учествуваше во работата на стручните органи. Директорот имаше одлична соработка со локалната заедница, со родителите како и

соработка со градоначалникот на општина Струмица, одделението за образование при општина Струмица и општинскиот просветен инспектор, како и државните просветни инспектори, БРО, МОН, МЦГО.

# Извештај за работата на психологот

Работата на психологот во ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље во учебната 2024/2025 година беше насочена кон унапредување на воспитно-образовната работа преку користење на психолошките сознанија.

Планираните содржини се реализраа преку следните програмски подрачја:

- Планирање и програмирање
- Работа со учениците
- Работа со наставниците
- Работа со родителите

## 1. *Планирање и програмирање*

На почетокот на учебната година психологот изготви сопствена годишна програма за работа, месечни оперативни планирања и извештај за сопствената работа, а учествуваше и во:

- Изготвувањето на полугодишниот извештај за работа на училиштето
- Изготвувањето на годишната програма и извештајот за работа на училиштето
- Работата на Наставничкиот совет на училиштето
- Работата на Советот на родители
- Спроведување на анкети за: изборни предмети, социјална и економска структура на учениците,слободни ученички активности, организирана исхрана и ученичко осигурување.
- Реализирање на активностите во рамките на: Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и Интеграција на еколошко образование во македонскиот образовен систем.
- Пополнување на статистички податоци- УОП и образец
- Хуманитарни акции на училиштето

- Сопствено стручно усовршување ( учество во вебинари, обуки, едукативни предавања и конференции )
- Консултации со општински просветен инспектор, државни просветни инспектори, советници од БРО, МОН
- Професионална ориентација на учениците

## *2. Работа со учениците*

Во текот на учебната година реализирани беа следниве содржини:

- Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој
- Следење на адаптацијата на учениците во прво и шесто одделение и на новодојдените ученици од други училишта
- Следење на навремено вакцинирање и изведување на систематски и стоматолошки прегледи на учениците
- Формирање и соработка со училишната заедница
- Анализа на постигнатиот успех и редовност на учениците по пол на крајот на секој квалификационен период
- Задавање на инструменти за идентификација на талентирани ученици, ученици со емоционални потешкотии, ученици со потешкотии во учењето
- Работа со талентирани ученици
- Работа со ученици со емоционални потешкотии
- Работа со ученици со потешкотии во учењето
- Задавање на анкетни листови и прашалници на учениците со цел следење на психосоцијалната клима
- Реализација на работилници на тема:
  - „Благодарност" со учениците од осмо одделение
  - „Толеранција" со учениците од деветто одделение
  - „Насилство – поим и видови "со учениците од петто одделение
  - " Ученик – насилник" со учениците од деветто одделение
  - " Моите негативни чувства" со учениците од шесто одделение
  - " Оптимизам " со учениците од деветто одделение
  - " Самоспознавање – автопортрет "со учениците од деветто одделение

### 3. Работа со наставници

Психологот во текот на целата учебна година оставруваше соработка со наставниот кадар во училиштето, преку:

- Анализа на глобалните и тематските планирања на наставниците и давање насоки за подобрување
- Увид во педагошката евиденција и документација на одделенските раководители и давање препораки за уредно водење
- Посета на часови во однос на: следење на психосоцијалните елементи во наставата.
- Водење на професионално досие на вработените
- Поддршка во работата со талентираните ученици, учениците со потешкотии во учењето и учениците со емоционални потешкотии
- Поддршка за изработка на индивидуални образовни планови за работа со талентирани ученици
- Поддршка на наставниците за реализација на активностите во рамките на: “Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието”, "Интеграција на еколошкото образование “ во рамките на редовната настава и следење на нивната реализација, давање поддршка на класните раководители во подготовки на материјали за одржување на часови со содржини од Прирачникот за ОЖВ.
- Разговори со наставниците
- Давање поддршка на наставници-приправници и стручни соработници- приправници
- Учество во работата на стручните активи

### 4. Работа со родители

Соработката со родителите, како еден од начините за подобрување и унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето, се одвиваше преку:

- Разговори со родителите на учениците
- Советодавно-консултативна работа со родителите на учениците со потешкотии во учењето, со емоционални потешкотии и на талентираните ученици
- Соработка со Советот на родители
- Задавање на анкетни листови на родителите со цел на истражување

# Извештај за работата на педагогот

Работата на педагогот во ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље во учебната 2024/2025 година беше насочена кон унапредување на воспитно-образовната работа преку користење на педагошките сознанија.

Планираните содржини се реализраа преку следните програмски подрачја:

- Планирање и програмирање
- Работа со учениците
- Работа со наставниците
- Работа со родителите

## *1. Планирање и програмирање*

На почетокот на учебната година педагогот изготви сопствена годишна програма за работа, месечни оперативни планирања и извештај за сопствената работа, а учествуваше и во:

- Изготвувањето на полугодишниот извештај за работа на училиштето
- Изготвувањето на годишната програма и извештајот за работа на училиштето
- Работата на Наставничкиот совет на училиштето
- Работата на Советот на родители
- Спроведување на анкети за: изборни предмети, социјална и економска структура на учениците, организирана исхрана
- Реализирање на активностите во рамките на: Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и Интеграција на еколошко образование во македонскиот образовен систем.
- Пополнување на статистички податоци - УОП образец
- Хуманитарни акции на училиштето

- Сопствено стручно усовршување
- Консултации со општински просветен инспектор, државни просветни инспектори, советници од БРО, МОН
- Професионална ориентација на учениците

## 1. *Работа со учениците*

Во текот на учебната година реализирани беа следниве содржини:

- Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој
- Следење на адаптацијата на учениците во прво и шесто одделение и на новодојдените ученици од други училишта
- Следење на навремено вакцинирање и изведување на систематски прегледи на учениците
- Формирање и соработка со училишната заедница
- Анализа на постигнатиот успех и редовност на учениците по пол на крајот на секој квалификационен период
- Работа со талентирани ученици
- Работа со ученици со потешкотии во учењето
- Реализација на работилници на тема:
  - ,,Четкичката кала со учениците‘‘ од четврто одделение
  - „Соработка наспроти натпревар“- со учениците од петто одделение
  - Разрешување конфликти” со учениците од седмо одделение
  - „Очекувања од наставник и ученик“ со учениците од шесто одделение
  - „Кога ми е тешко “со учениците од шесто одделение
  - Едукативно предавање за ученичките од V одделение на тема**: ,,**Менструално здравје и хигиена“.

## 2. *Работа со наставници*

Педагогот во текот на целата учебна година оставруваше соработка со наставниот кадар во училиштето, преку:

- Анализа на глобалните и тематските планирања на наставниците и давање насоки за подобрување
- Увид во педагошката евиденција и документација на одделенските раководители и давање препораки за уредно водење
- Посета на часови во однос на: примена на активна настава
- Водење на педагошки картон за наставниците
- Водење на професионално досие на вработените
- Поддршка во работата со талентираните ученици и со учениците со потешкотии во учењето
- Поддршка за изработка на индивидуални образовни планови за работа со талентирани ученици
- Поддршка на наставниците за реализација на активностите во рамките на: “Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието” и "Интеграција на еколошкото образование во рамките на редовната настава и следење на нивната реализација
- Разговори со наставниците
- Давање поддршка на наставници-приправници и стручни соработници- приправници
- Учество во работата на стручните активи

### 3. *Работа со родители*

Соработката со родителите, како еден од начините за подобрување и унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето, се одвиваше преку:

- Разговори со родителите на учениците
- Соработка со Советот на родители.

## Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор

Работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор во ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље во учебната 2023/2024 година беше насочена кон унапредување на воспитно-образовната работа.

Планираните содржини се реализраа преку следните програмски подрачја:

- Планирање и програмирање
- Работа со ученици со ПОП и потешкотии во учењето;
- Работа со наставниците
- Работа со родителите

1. ***Планирање и програмирање :***

На почетокот на учебната година специјалниот едукатор и рехабилитатор изготви сопствена годишна програма за работа, месечни оперативни планирања и извештај за сопствената работа, а учествуваше и во:

- Изготвувањето на полугодишниот извештај за работа на училиштето
- Изготвувањето на годишната програма и извештајот за работа на училиштето
- Работата на Наставничкиот совет на училиштето
- Хуманитарни акции на училиштето
- Сопствено стручно усовршување
- Консултации со општински просветен инспектор, државни просветни инспектори, советници од БРО, МОН
- Професионална ориентација на учениците со ПОП

## *2. Работа со ученици со ПОП и потешкотии во учењето*

- Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој
- Следење на адаптацијата на учениците со ПОП и потешкотии во учењето во прво и шесто одделение
- Методи и средства за работа со деца со потешкотии во учењето ;
- Степен на задоволеност на сите потреби ;
- Создавање клима ;
- Организација на едукативни работилници за учениците :

  Работилници : ,,**Јас имам дислексија** ‘‘ , ,, **3ти декамври Светски ден на лицата со посебни потреби** ‘‘ , „**Сите сме различни, но сите сме исти**“ , **Здрави животни навики- редовна физичка активност, правилна исхрана и доволно сон** , ,,**Се запознаваме со аутизмот** ‘‘
- Едукативно предавање заученичките од V одделение на тема: **,,Менструално здравје и хигиена**“.
- Откривање на учениците на кои им е потребна стручна помош;
- Помагање во адаптација ;
- Емоционална состојба – специјални образовни потреби;
- Работа со ученици (индивидуално, групно и колективно);

  - Психомоторика;
  - Дислексија;
  - Дисграфија;
  - Дискалкулија;
  - Мобилност и ориентација во просторот;
  - Интерпретирање наставни содржини преку:
    - Конкретизација
    - Разложување
    - Деформатизација ( промена на фонт , боја на буквите и.т.н )
    - Стекнување на навики за осамостојување .

### 3. *Работа со наставници:*

- Специјалниот едукатор и рехабилитатор во текот на целата учебна година оставруваше соработка со наставниот кадар во училиштето, преку:
- Поддршка во работата со учениците со ПОП , потешкотии во учењето и талентираните ученици
- Поддршка за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ПОП и талентирани ученици
- Учество во адаптација на содржините;
- Поддршка  на наставниците кои работат со ученици со потешкотии во учењето;
- Работа на разбирање и толеранција меѓу учениците.

### 4. *Работа со родители:*

- Разговори со родителите на учениците
- Советување на родителите за социјализација на децата;
- Друга стручна помош на родителите во соработка со други експерти;
- Информирање на социјалната средина за потребите и проблемите на овие деца.

## Извештај за работата на библиотекарот

Училишната библиотека во рамките на создадените услови за работа и претпоставените очекувани резултати успешно ги остварува поставените цели и задачи на современиот образовен процес што бара оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготовка за перманентно образование.

Во текот на учебната година корисниците на училишната библиотека редовно беа сервисирани со постоечкиот книжевен фонд кој изнесува 9520 книги и друг потенцијал, а за сето тоа уредно се водеше евиденција , што овозможуваше за кратко време да се добие информација за бараните наслови, позајмените или евентуално подолго задржаните подефицитарни наслови.

- Активно работи библиотекарската секција која е вклучена целосно во билиотечното работење.
- Солидно, навремено и уредно е извршен системот на прием и распределба на бесплатните учебници на почетокот од учебната година.
- Реализација на работилници : ,,Составување на приказна по слики ’’ и „Сите сме различни, но сите сме исти“
- Водење, набавка и комплетирање на книжниот фонд според потребите на училиштето (Се набавија нови лектирни изданија за учениците )
- Се работи на проекти од Годишната програма на Училиштето
- Континуирано ажурирање на податоците за учениците,наставниците и родителите во ЕСАРУ и ХРМИС
- Систематско запознавање на учениците со изворите на знаења и книжниот фонд
- Позајмување библиотечен материјал и водење евиденција
- Контрола и грижа за состојбата на книжниот фонд
- Организирање и ревизија на книжниот фонд
- Постапување по новиот правилник за водење евиденција на нови учебници
- Собирање на бесплатните учебници на крајот од учебната година.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Нашето училиште како воспитно-образовна институција настојува да го поттикне индивидуалниот развој на учениците, да ја развива свеста за правата и одговорностите, да го негува меѓусебното разбирање и почитување и да работи според повисоки современи стандарди. Од извештајот за работата на училиштето во текот на учебната 2024/2025 година може да се констатира дека се постигнати одлични резултати, кои ќе бидат мотив за поголеми постигнувања во текот на наредната учебна година.

Претседател на Училишен одбор — Директор

Сузана Атанасова — Васил Бубев

_____________________ — ________________________

август, 2025 година